МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Државен Инспекторат за Труд



# ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

## ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

*Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Закон за работни односи во декември 2008 година и Законот за безбедност и здравје при работа од 2007 година, со кој се регулираат правата и обврските на работодавачите и работниците од областа на работните односи и безбедноста и здравјето при работа, Државниот Инспекторат за Труд чувствуваше потреба да го изготви овој преглед со цел да им помогне на работодавачите во правилна примена на овие прописи од причина што со неприменувањето на истите повлекува изрекување на висока глоба.*

*Со почит,*

*Директор*

*Горан Јовановски*

# ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

**(Сл. весник на РМ бр.62/05, 106/08 и 161/08)**

## *Работен однос*

Работен однос е **договорен однос** меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се вклучува во организациониот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лицето, непрекинато ја извршува работата според упатства и под надзор на работодавачот.

**(чл. 5)**

## *Забрана за дискриминација*

**Работодавачот не смее** барателот на вработување или работникот да го става во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидитетот, религиозно, политичко или друго убедување, членување во синдикат, национално или социјално потекло, статус на семејството, имотна состојба, полова насоченост или други лични околности.

На **жените и мажите мора да им бидат обезбедени** еднакви можности и еднаков третман при вработувањето, напредувањето во работата, оспособувањето, образованието, преквалификацијата, платите, наградувањето, отсуствата од работа, условите за работа, работното време и откажување на договорот за вработување.

**(чл. 6)**

## *Договор за вработување*

Со **потпишување на договор за вработување** се заснова работен однос меѓу работникот и работодавачот

Работодавачот **е должен да го пријави**, односно **одјави** работникот во задолжителното социјално осигурување, во Агенцијата за вработување на Република Македониј, по електронски пат или непосредно во Агенцијата, во **рок од три дена** од денот на потпишување на договорот за вработување.

Работникот **не може да стапи на работа** пред да склучи договор за вработување **и пред работодавачот да го пријави** во задоолжителното социјално осигурување.

**(чл. 13)**

Договорот за вработување се склучува во **писмена форма**, **се чува во работните простории** каде што работи работникот, а примерок од договорот **му се врачува** на работник на денот на потпиѓување на договорот.

**(чл. 15)**

# Престанок на работен однос

Работен однос може да престане само на начин и под услови утврдени со Закон и колективен договор.

**(чл. 2)**

# Услови за вработување

Работодавачот **е должен со акт да ги определи посебните услови** за вршење на работа на секое поединечно работничко место.Ова обврска **не се однесува** на помали работодавачи. (кои вработуваат до 50 работници).

**(чл. 19)**

# Права на неизбраниот кандидат

Работодавачот **мора во рок од осум дена** од денот на склучување на договорот за вработување писмено да го извести кандидатот кој не е избран дека не е избран и кој кандидатот е избран и **во рок од три дена** да му ги врати сите документи што ги доставил

**(чл. 27)**

# Работа на определено време

Договорот за вработување може да се склучи на **определено време** за вршење исти работи, со премин или без **до пет години**.Ако работникот продолжи да работи по истекот на рокот од пет години, работниот однос се трансформира на неопределено време, под услови и начини предвидени со закон.**Овој рок**

**се смета кај договорите склучени по влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на ЗРО** (сл.весник на РМ бр. 106 / 08),

**(чл. 46)**

## *Пробна работа*

Со Законот за работните односи е предвидена „пробна работа".

**Со склучување на договорот за вработување** работникот и работодавачот можат **да се договорат за пробна работа**, која не може да трае подолго **од шест месеци**.

**(чл. 60)**

## *Волонтерски стаж*

Во Законот е предвиден „волонтерски стаж" но само во случај ако тој е услов за **полагање стручен испит или за самостојно вршење на дејност**, **во согласност со посебен закон.**

**(чл. 61)**

Според **Законот за волонтерство** (сл. весник на РМ бр. 85/07), организатори на волонтерска работа можат да бидат :

- Здруженија на граѓани,
- Верски заедници и религиозни групи,
- Јавни установи,
- Органи на државна власт
- Единици на локална самоуправа

## Враќање на документи

При престанување на работниот однос работодавачот е должен, најдоцна во **рок од три дена, да му ги врати на работникот сите негови документи и да му издаде потврда** за видот на работата што ја врши, во која не смее да наведе ништо што би му го отежнало на работникот склучувањето на нов договор за вработување.

**(чл. 63)**

## Плата

Работникот **има право на плата** согласно закон, колективен договор и договор за вработување, која се плаќа во **парична форма**, кој **најдоцна 15 дена** по изменување на исплатниот период.

**(чл. 105 и 109)**

Работодавачот е должен на работникот **при секое исплаќање на плата** како и **до 31 јануари** на новата календарска година, **писмена пресметка на плата**, придонесите од плата и надоместите на платите за платениот период.

**(чл. 110)**

## Работно време

Полното работно време **не смее да биде подолго од 40 часа неделно**.

Работодавачот е должен **да води евиденција** за полно работно време, а работодавачот кој има **над 25 вработени** на една

локација, должен е да води **електронска евиденција** на полното работно време и на прекувремената работа.

**(чл. 116)**

Работодавачот може да воведе **прекувремена работа** во случај предвидени со Законот, која може да трае **најмногу 10 часа** во текот на неделата а **најмногу 190 часа годишно**.На работникот кој равотел **над 150 часа** подолго од полното работно време а не одсуствувал повеќе од 21 ден во текот на годината, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на платата и **бонус во висина од една просечна плата во Републиката.**

**(чл. 117)**

## *Пауза и одмори*

Работникот кој работи со полно работно време има право на дневна **пауза од 30 минути**, право на одмор меѓу **два последователни работни дена во непрекинато траење од 12 часа**, **неделен одмор од најмалку 24 часа непрекинато и платен годишен одмор од најмалку 20 дена**.

Работодавачот е должен на работникот да му зададе решение за правото на користење на годишен одмор.

**Празниците, саботите и неделите, слободните денови и одсуствата поради боледување не се пресметуваат во деновите на годишен одмор.**

**(чл. 132,133,134,137)**

## *Отсуство поради празници*

Работникот има право **на отсуство од работа со надоместок на плата за празниците на Република Македонија**.Ова право

на работникот **може да му се ограничи**, ако работникот, односно производниот процес се одвива непрекинато или природата на работата бара вршење на работата и на празничен ден, со тоа што работодавачот **е должен да му исплати зголемена плата** согласно Закон и **колективен договор**.

**(чл.148,106, и чл.24, ОКД)**

## *Посебна заштита*

**Работничка, жена за време на бременост и раѓање, работници кои не наполниле 18 години возраст, инвалиди и повозрасни работници имаат право на посебна заштита предвидена со Законот**

**(чл. 160-180)**

## *МЕРКИ*

Ако инспекторот на трудот **затече на работа лице со кое не е заснован работен однос согласно Закон и колективен договор, ќе донесе решение за забрана** за вршење на работата на работодавачот во траење **од 30 дена.**

Ако работодавачот

- не поднел пријава за задолжително социјално осигурување, односно не платил придонеси од плата,
- не исплатил плата, односно најниска плата за три месеци,
- и не води електронско евидентирање на работното времеи прекувремена работа,

Забраната за работа трае **до отстранување на неправилностите**.

Ако работодавачот **не го почитува односно крши работното време** и распоредот на работното време, забраната за работа **траер 7 дена**.

Ако работодавачот ги **повтори** наведените **неправилности** ќе му се изрече мерка **забрана** за вршење на дејност **од една до пет години.**

**(чл. 259**)

За повредите на законите кои се пропишани како **прекршоци** со измените и дополнувањата на законот се предвидени **повисоки казни**, така за правното лице предвидена е **глоба во износ од 15.000 евра** во **денарска противвредност**, а за одговорното лице **глоба во износ од 7.000 евра во денарска противвредност.**

Со новото решение во Законот **прекршочната постапка** ја води и санкција извршува **прекршочниот орган** во Министерството за труд и социјална политика.

За прекршоците за кои се изрекува **глоба на самото место**, истата е во износ од **1.000 евра во денарска противвредност**.

Кога инспекторот на трудот ќе констатира повреда на законот, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка на сторителот ќе му понуди **постапка за порамнување и посредување**.Што значи дека доколку се согласи работодавачот со порамнувањето или последувањето ќе плати **половина од изречената глоба.**

# Телефони во Подрачните единици на Државниот инспекторат за труд

| р. бр. | град | телефон |
|---|---|---|
| 1 | Скопје – ДИТ ( централа ) | 02 3116 – 110<br>02 3224 – 504<br>02 3296 – 310 |
| 2 | Скопје - Центар ( РО ) | 02 3 220– 536<br>02 3213 – 184 |
| 3 | Скопје - Гази Баба ( БЗР ) | 02 3115 – 104<br>02 3296 – 315<br>02 3296 – 316 |
| 4 | Куманово | 031 423 – 231<br>031 424 – 725 |
| 5 | Крива Паланка | 031 375 – 020<br>031 374 – 255 |
| 6 | Кратово | 031 481 – 099 |
| 7 | Пробиштип | 032 484 – 790 |
| 8 | Свети Николе | 032 443 – 126 |
| 9 | Штип | 032 383 – 503<br>032 383 – 563 |
| 10 | Виница | 033 361 – 644 |
| 11 | Кочани | 033 270 – 537 |
| 12 | Делчево | 033 411 – 737 |
| 13 | Струмица | 034 349 – 280 |
| 14 | Радовиш | 032 635 – 412 |
| 15 | Валандово | 034 382 – 856 |
| 16 | Гевгелија | 034 212 – 069 |
| 17 | Берово | 033 471 – 212<br>033 470 – 072 |
| 18 | Велес | 043 239 – 174 |
| 19 | Кавадарци | 043 412 – 480 |
| 20 | Неготино | 043 361 – 461 |
| 21 | Тетово | 044 352 – 760<br>044 352 – 761 |
| 22 | Гостивар | 042 216 – 500 |
| 23 | Дебар | 046 831 – 119 |
| 24 | Кичево | 045 225 – 170 |
| 25 | Битола | 047 242 – 725 |
| 26 | Демир Хисар | 047 276 – 321 |
| 27 | Охрид | 046 257 – 670 |
| 28 | Прилеп | 048 427 – 448<br>048 420 – 826 |
| 29 | Ресен | 047 452 – 332 |
| 30 | Струга | 046 783 – 139 |
| 31 | Македонски Брод | 045 275 – 232 |

**Бесплатен телефон на Call-центарот при МТСП..........15133**